Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-406/2
05.11.2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**

**од одржаната прва (конститутивна) седница на Советот на Општина Градско на ден 05.11.2025 година, со почеток во 15.00 часот во салата на Општина Градско на следиот**

Седницата ја отвори претседателот на советот од предходниот состав Мирјана Ѓорѓиева, ги поздрави присутните, им го честита изборот на ново избраните советниците и вториот мандат на градоначалникот и им посака меѓусебна соработка и успешна работа во наредниот четири годишен мандат, а се во интерес на граѓаните. Потоа го повика најстариот присутен член на Советот Душко Цековски да ја води седницата до избор на претседател на совет.

Тој истакна дека Советот брои 9 членови и сите се присутни.

Потоа го прочита дневниот ред кој едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.
2. Извештај на комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Градско.
3. Предлог-Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Градско.
   - Давање и потпишување на на Свечена изјава од членовите на Советот.
4. Предлог-Решение за избор на претседател на Советот.

*1.Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.*

Душко Цековски- потребно е да се формира оваа Комисија која ќе треба да ги разгледа уверенијата издадени од ОИК Градско и да донесе одлука за верификација на мандатот на членовите на Советот.

Од страна на Веле Петрески за претседател на Комисијата беше предложена Кристина Самандова.

За членови на Комисијата од страна на Тоше Петревски беше предложен Веле Петрески, а од страна на Благоја Станишевски беше предложен Боне Спасовски.

Бидејќи никој не побара збор предлогот беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА, за претседател на комисијата беше избрана Кристина Самандова, а за членови беа избрани Веле Петрески и Боне Спасовски.

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се повлече за да изврши увид на Уверенијата од ОИК Градско за избор на членови на Совет на Општина Градско.

*2.Извештај на комисијата за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Градско.*

Образложение по оваа точка даде Кристина Самандова претседател на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

По извршениот увид на Уверенијата издадени од ОИК Градско, Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, достави извештај со кој констатира дека:

Уверенијата издадени од ОИК Градско се издадени согласно пристигнатите резултати од изборите одржани на 19 октомври 2025 година и не постојат други индикации за можна неспоивост на функцијата член на совет, па поради тоа му предлагаме на советот да донесе Одлука за верификација на мандатот на следните членови на Советот:

предлагаме на советот [illegible] верификација на мандатот на следните членови на Советот:

1. Драгана Данева
2. Веле Петрески
3. Душко Цековски
4. Кристина Самандова
5. Димче Богдановски
6. Тоше Петревски
7. Александар Ристовски
8. Благоја Ристовски
9. Боне Спасовски

Извештајот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА беше усвоен од страна на членовите на советот.

*3.Предлог-Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Градско.*

Беше отворен претрес по точката број 3 од Дневниот ред и бидејќи никој не се јави за дискусија Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Градско беше ставена на гласање и со 9 ЗА, Советот ја усвои Одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Градско.

Членовите на Советот на Општина Градско беа повикани да дадат свечена изјава, а после тоа и да ги потпишат свечените изјави.

*4.Предлог-Решение за избор на претседател на Советот.*

Беше отворен претрес по точката број 4 од Дневниот ред за давање на предлози за претседател на Совет.

Од страна на Кристина Самандова за Претседател на Совет на Општина Градско беше предложена Драгана Данева. Бидејќи немаше други предлози, предлогот за Драгана Данева беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА за претседател на Советот на Општина Градско беше избрана Драгана Данева.

Советникот Душко Цековски го повика претседателот на Советот на Општина Градско да продолжи со работа.

Драгана данева благодарност до сите за поддршката и довербата, чест ми е што сум избрана за претседател на советот на општина Градско, се надевам на одлична соработка со советниците, градоначалникот и општинската администрација. Верувам дека ќе имаме меѓусебна соработка за подобар живот за секој граѓанин на Општина Градско.

Бидејќи сите точки од дневниот ред се исцрпени ја затворам првата седница на Советот на Општина Градско.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори првата конститутивна седница во 16:00 часот.

Записник водел:

_______________

Мери Седмакова-Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско

_______________

Драгана Данева